РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 18.01.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 354/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 јануари 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"*; и

   - **Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку: ...2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители"* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 09.10.2023 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3705/1) до ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, со кој побара во рок од 30 дена од денот на приемот на дописот да достави документи (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на РСМ) од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот. Дописот беше примен од радиодифузерот на 13.10.2023 година. Бидејќи заклучно со 24.11.2023 година радиодифузерот не ги достави потребните документи, Агенцијата повторно писмено се обрати до него (допис бр. 03-4415/1 од 27.11.2023 година) и побара истите да ги достави во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис. И овој допис беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 19.11.2023 година.

На 12.12.2023 година, ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар достави до Агенцијата Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување (Образец М1/М2) за едно лице и договор на дело склучен помеѓу радиодифузеот и едно физичко лице. Имајќи предвид дека согласно Правилникот лицата треба да бидат вработени во радиодифузерот во редовен работен однос со полно работно време, стручната служба во неколку наврати оствари и телефонски разговор со радиодифузерот, посочувајќи му дека е нужно да ги достави потребните документи за да се потврди дека ги исполнува минималните кадровски услови. Заклучно со 17.01.2024 година радиодифузерот не ја достави до Агенцијата потребната документација.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.